# Вести од светот
## ЗА МЛАДИ И ВОЗРАСНИ



2022 • **ПРВО ТРИМЕСЕЧЈЕ** • ЈУЖНА АЗИСКОПАЦИФИЧКА ДИВИЗИЈА



AdventistMission.org

# Содржина

**На насловната страница:** Зелиндо Жоао Лај, 42 години, сопственик на локал кој се молел на Бога за автобусот во кој не било дозволено пушење во источен Тимор. Бог одговорил на неговата молитва со еден чудесен автобус. Приказната за него може да ја прочитате во темата за чудесниот автобус.


### ТИМОР-ЛЕСТЕ

4 Да се пронајде вистинскиот пат / 7 јануари

6 Да се грижиме за Божјата градина / 8 јануари

9 Да тргнеме по нов пат / 15 јануари

12 Библијата е само за свештениците / 22 јануари

15 Ангели помеѓу нас / 29 јануари

18 Ќотекот ја засилува верата / 5 февруари

21 Тестот на Тина / 12 февруари

24 Чудесниот автобус / 19 февруари

### ЛАОС

27 Прогонета заради верата / 26 февруари

30 Вдовицата од Удомскај / 5 март

### ТАЈЛАНД

33 Простување на мајката, 1 дел / 12 март

36 Простување на мајката, 2 дел / 19 март

39 Програма на 13-та сабота:

Последна шанса за Бога / 26 март

42 Идни проекти на 13-та сабота

43 Уредништво на списанието


T = *Искуства кои се посебно интересни за тинејџерите*

# Нашите дарови на дело

Пред три години, дел од даровите на 13-та сабота беа употребени за изградба на адвентистичка меѓународна мисионска средна школа во Корат, на Тајланд и за изградба на комплекс на училници и други згради на нова локација на Корат во Тајланд. Овие приказни може да ги најдете во последните теми за ова тримесечје.




Seventh-day Adventist Church

© 2021 General Conference of Seventh-day Adventists® • All rights reserved
12501 Old Columbia Pike,
Silver Spring, MD 20904-6601
1-800-648-5824 • AdventistMission.org

# Драги водачи на саботната школа,

Ова тромесечје ќе се посветиме на Јужната азископацифичка дивизија (ЈАПД) во која спаѓаат 14 држави: Бангладеш, Брунеи, Даресалам, Камбоџа, Индонезија, Лаос, Малезија, Мјанмар, Филипини, Сингапур, Шри Ланка, Тајланд, Источен Тимор, Виетнам и Пакистан.

Во оваа дивизија живеат 1,1 милијарда луѓе вклучувајќи приближно 1,7 милиони верници на Христијанската адвентистичка црква. Тоа претставува однос од еден адвентист на секои 636 луѓе.

Ова тримесечје ќе бидат спроведени 4 проекти на 13-та сабота во државите на оваа дивизија (Пакистан, Лаос, Виетнам и источен Тимор).

**Специјални карактеристики**

Ако сакате својата саботна школа да ја направите поинтересна, можете да го преземете Мисионското списание во PDF верзија од линкот: bit.ly/adultmission или да читате на Фејсбук. Посетете ја и нашата фејсбук-страница: Facebook.com/missionquartelies.

## Можности

***Даровите на 13. сабота од ова тримсечје ќе бидат употребени за***

- Здравствен центар во северен Пакистан.
- Основни училишта во Луанг Намти во Лаос.
- Детски образовен центар во Лонг Тану во Виетнам.
- Блок спални соби во адвентистичката меѓународна школа во Дили во Источен Тимор.

Искористете ја предноста на мисионските приказни во видеозаписот, кои ги изнесуваат искуствата на луѓето ширум светот, со посебен фокус на примателите на мисионерски дарови на 13. сабота. Ако сакате, можете да добиете опис на секој видеоклип и линк на Интернет, за да можете да ја преземете апликацијата или да гледате видеоклипови преку Интернет. Ние секоја седмица објавуваме дополнителни слики и занимливости што можете да ги преземете и прикажете во вашата класа на компјутер или мобилен телефон додека ги читате мисионските стории, или можете да отпечатите слики и да ја декорирате просторијата во саботната школа.

Дополнителни информации и активности: Во делот ИЗВОРИ, можете да најдете неколку веб-страници кои можат да ви помогнат, како и дополнителен материјал за вашите мисионски презентации. За дополнителни информации, можете исто така да ме контактирате директно: mcchesneya@gc.adventist.org

Вашата поддршка за мисионството е многу важна за единството на црквата.

Ви благодарам што им помагате на членовите на вашата саботношколска класа да се запознаат со нивните духовни браќа и сестри низ целиот свет и што ги поттикнавте да учествуваат во мисионството на црквата преку своите дарови.

Од срце ви посакувам изобилни Божји благослови!

*Ендрју Мекчизни*
*Уредник на списанието*





# Да се пронајде вистинскиот пат

ИСТОЧЕН ТИМОР | 1 јануари 2022

Марио да Коста, 44

Многубројни настани биле организирани ширум градот за да се прослави големиот верски празник во Источен Тимор. Јас одлучив да одам на трката со коњи.

За да дојдам до хиподромот, морав да поминам покрај адвентистичката црква. Додека поминував таму, библискиот работник Маријано ме виде и тргна кон мене.

„Ако имате време, би сакале ли да ја проучувате Библијата заедно со мене?“ ме запраша?

Неколку пати ја проучував Библијата со адвентистите, но престанав бидејќи ми се чинеше дека ги проповедаат истите работи како мојата црква. Но, сепак кога библискиот работник тргна кон мене и ми постави прашање, почувствував длабока желба да дознаат нешто повеќе за Библијата.

„Би сакал да ја проучувам Библијата“, му одговорив. „Не мора да доаѓате кај мене, туку јас ќе дојдам кај вас“, рече Маријано. Ќе дојдам откако ќе ја завршите вашата активност.

По коњичките трки тргнавме во мојот дом и почнавме да ја проучуваме Библијата.

Проучувавме околу 4 месеци и секоја сабота заедно одевме во црква. Во недела јас си одев во мојата црква. Не гледав ништо погрешно да го прославувам Бога и во сабота и во недела.

По некое време дојде еден адвентистички евангелист, па со него ја проучував книгата на Даниел и Откровение. Во книгата на пророк Даниел читаме: „И против Севишниот ќе зборува и ќе ги угнетува светиите на Севишниот, дури ќе си помисли да ги измени празниците нивни и законите, па тие ќе бидат предадени во раката негова за време од три ипол години“ (Даниел 7,25).

Кога дојдов дома, неколку пати ја отворав Библијата и повторно го проучував овој стих.

Си помислив дека она што со години го верував, всушност не било вистина.

Ја затворив Библијата и се обидов да заспијам. Се прашував дали адвентистите се обидуваат да ме измамат или намерно ми го покажаа овој стих за да ме убедат

да тргнам во нивната црква.

Бидејќи не можев да заспијам, го запалив светлото и повторно ја отворив книгата на пророк Даниел. Додека читав, сè повеќе станував уверен во мислата дека мојата црква го променила денот за богослужение и Божјиот закон, кој јасно изјавува дека саботата е седми ден.

Подоцна дознав дека тоа било дејствувањето на Светиот Дух кој го загреа моето срце за вистината.

Одлучив да постам и да се молам. Дали саботата или неделата е вистинскиот ден за богослужние? Која црква е во право и каде се наоѓа вистинската наука?

Откако постев и се молев една седмица ми се јави една мисла во умот: „Подобро е го следиш она што го пишува во Библијата."

Одлучив да ја следам Божјата волја онака како што е објавена во Библијата. Иако секоја сабота одев во црква, пасторот не ме повика да се крстам. По богослужението обично заедно ручавме и разговаравме за Библијата.

Една сабота, на паузата меѓу двете служби, го запрашав пасторот. „Кога ќе биде одржано следното крштевање за луѓето кои сакаат да сторат завет со Бога?"

## Во врска со искуството

- Замолете еден млад човек да ја раскаже оваа приказна како негово искуство.
- Преземете слики од Фејсбук: (bit.ly/fb-mq).
- Преземете ги мисионските информациии и брзи факти од Јужната азископацифичка дивизија на bit.ly/ssd-2022.
- Мисоинската сторија ги изнесува ставовите на Христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам" зборува за целите на духовниот раст.Целта број 2 зборува за јакнењето и диверзификацијата на мисионските активности во големите градови меѓу нехристијанските религии. Целта број 5 зборува за личните и јавните мисионски иницијативи со цел тотално вклучување на сите верници за да може духовно да растат како инивидуално така и во рамките на семејството. Изградбата на блокот спални соби во адвентистичката школа во источен Тимор ќе помогне да се исполни целта број 4, а тоа е јакнење на адвентистичките институции кои се борат за заштита на слободата, здравјето на целокупното човечко тело и јакнење на надежта преку Исусовото дејствување и обновување на Божјиот лик во луѓето. Повеќе информации за стратешкиот план на христијанската адвентистичка црква дознајте на IWillGo2020.org.

## Мисионски информации

- Мисијата во Источен Тимор е организирана во 2009 година и директно е поврзана со Јужната азископацифичка дивизија. Во оваа држава постои една црква и две групи од вкупно 696 верници. На популација од милион и триста и осумнаесет илјади луѓе тоа е однос од еден адвентист на секои 1874 луѓе.

„Сѐ зависи од личноста која сака да се крсти“, ми одговори. Може да се договориме за крштевање кога личноста ќе биде подготвена.

Во тој момент, донесов одлука, ќе се крстам кога ќе се одржи следното крштевање.

Пасторот ме прегрна. Останатите верници ја видоа нашата радост и дојдоа да ми честитаат на одлуката.

“Бог те повикува“, ми рекоа.

Кога ги слушнав тие зборови, заплакав бидејќи бев свесен дека го пронајдов вистинскиот Божји пат.

Денеска Марио работи како библиски работник кој ги води луѓето на вистинскиот Божји пат, со силата на Светиот Дух преку библиски проучувања.

Во наредните неколку седмици, ќе читаме за искуствата на овие луѓе.

Вашите дарувања на 13-та сабота пред шест години помогнаа да се отвори првата и единствена школа во Источен Тимор.

Ова тримесечје вашите дарувања ќе бидат употребени за изградба на блок-спални соби во училиштето, така што децата од оддалечените села ќе може да стекнуваат образование во него.

Ви благодариме што планирате великодушно да ги приложите вашите дарови.



ИСТОЧЕН ТИМОР | 8 јануари 2022

# Да се грижиме за Божјата градина

Марио да Коста, 44

Градината со зеленчук е добро место за проучување на Божјата реч. Во градината семето на вистината може да никне од корен.

Многу луѓе во Источен Тимор имаат градини во близина на своите домови.

Посевите се неопходни за прехранување, додека вишокот производи се продаваат за да се заработат пари. Основните намирници кои се одгледуваат во семејните градини се пченка, касава, сладок компир итн. Многу луѓе исто така одгледуваат зеленчук, тикви, папаја, банани и кикирики.

Работев во мојата градина кога еден водач на адвентистичката црква дојде во мојот дом и ми рече: „Ќе организираме тромесечен курс за обука на библиски

работници. Би требало да ни се придружиш."

Ми се допадна оваа идеја. Копнеев да ја ширам својата новооткриена љубов кон Исуса, бидејќи неодамна бев крстен.

По програмата за обука на семинарот, сите учесници беа собрани во една адвентистичка црква во Дили, главниот град на Источен Тимор, за да се направи план кој каде ќе служи. Јас не бев избран. Имавме повеќе библиски работници од местата на кои работевме.

Јас се вратив во своето родно село за да се грижам за градината. Исто така станав и активен верник на црквата.

Поминаа неколку години, а потоа еден друг водач на црквата ме повика во Дили. „Имам една идеја, зошто не би служел како библиски работник во својата област?"

Ми се допадна таа идеја. Кратко време по таа средба, дојдов во селото Кодо и го запознав Адолфо еден од мештаните во селото. Му реков дека живеам во оддалечено место и дека сум пратен во неговото село како библиски работник на Христијанската адвентистичка црква. Никогаш не беше чул за неа и беше љубопитен да дознае нешто повеќе за тоа.

Му раскажав на Адолфо како дознав за библиската вистина за седмиот ден - саботата и како се одлучив да се придружам на црквата. Му ја отворив мојата Библија и му зборував за Господовиот ден. За саботата а не за недела.

Можев да забележам дека нашата конверзација го допре Адолфо. Се молев Светиот Дух да дејствува на неговото срце.

Три дена подоцна, повторно дојдов во домот на Адолфо и го повикав да ми се придружи во работата во градината на Ангел, еден од нашите комшии.

Видов дека мештаните со радост ја прифаќаат мојата помош при работењето во градините. Така, додека работевме, можев да им зборувам за теми од Библијата. Додека заедно со Адолфо му помагавме на Ангел во градината, ние всушност ја ширевме Божјата реч.

Можев да забележам дека Адолфо и Ангел уживаа во меѓусебната конверзација. Кога доцна попладнето завршивме со работата, Адолфо ми пристапи и ме праша дали би сакал да ја проучувам Библијата со него. Заедно почнавме да се наоѓаме во вечерните часови за да ја проучуваме Библијата. Бидејќи во селото немаше струја, морав да обезбедам керозин за лампата. Во текот на денот им сведочев на другите селани додека им помагав во работата.

Адолфо стана првиот мештанин кој се придружи на адвентистичката црква. По него и Ангел побара библиски проучувања. Тој ја водеше локалната селска црква 12 години и многу мештани беа лути кога видоа дека ја проучува Библијата со мене. Слушнав дека

планирале да ме истепаат.

Ангел беше загрижен за мојата безбедност. Ми предложи да престанеме со проучување. Тој ден заедно собиравме и јадевме суви кокосови ореви во неговата градина. Забележав дека еден сув орев почнал да цвета. Беше многу необично мртов орев да цвета.

„Ајде да го посадиме овој кокос и да направиме договор со Бога“, му реков на Ангел. „Ако Божјето дејствување е присутно на оваа земја, тогаш овој кокосов орев ќе заживее. Меѓутоа, ако Божјето дејствување стивне или исчезне тогаш овој кокосов орев ќе овене.“

Поминаа 10 години, а исушениот кокосов орев порасна во едно здраво дрво. Ангел беше свесен за ова чудо. При мојата неодамнешна посета на ова село го посетив Ангел, а тој изјави дека сака да биде крстен.

Се надевам дека многу души ќе бидат привлечени кон Господа во градината која Бог ми ја даде да ја одгледувам во Источен Тимор.

Вашите дарувања на 13-та сабота пред 6 години помогнаа да се отвори првата и единствена адвентистичка школа во Источен Тимор.

Ова тримсечје вашите дарувања ќе бидат употребени за изградба на блок-спални соби во училиштето, така што децата од оддалечените села, како Кодо, ќе можат да стекнат образование во школото.

Ви благодарам што планирате да ги издвоите и приложите вашите средства.

## Во врска со искуството

- Замолете еден млад човек да ја раскаже оваа приказна како негово искуство.

  Прочитајте ги дополнителните приказни за Марио во текот на минатата седмица.
- Преземете слики од Фејсбук: (bit.ly/fb-mq).
- Преземете ги мисионските информациии и брзи факти од Јужната азископацифичка дивизија на bit.ly/ssd-2022.
- Мисоинската сторија ги изнесува ставовите на Христијанската адвентистичка црква. Проектот„Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст.Целта број 2 зборува за јакнењето и диверзификацијата на мисионските активности во големите градови меѓу нехристијанските религии. Целта број 5 зборува за личните и јавните мисионски иницијативи со цел тотално вклучување на сите верници за да може духовно да растат како инивидуално така и во рамките на семејството. Изградбата на блокот спални соби во адвентистичката школа во Источен Тимор ќе помогне да се исполни целта број 4, а тоа е јакнење на адвентистичките институции кои се борат за заштита на слободата, здравјето на целокупното човечко тело и јакнење на надежта преку Исусовото дејствување и обновување на Божјиот лик во луѓето. Повеќе информации за стратешкиот план на христијанската адвентистичка црква дознајте на IWillGo2020.org.

# Да тргнеме по нов пат

Адолфо Монтеиро, 40



Многу ја сакав мојата црква во селото Кодо во Источен Тимор. Секоја недела одев на богослужение. Одев и на молитвените состаноци. Учествував во секоја црковна активност.

А тогаш, Марио дојде во моето село.

Кога дојде во мојот дом, ми рече дека живее во оддалечено село и дека дошол кај нас како волонтерски библиски работник на Христијанската адвентистичка црква. Никогаш порано не бев чул за оваа црква.

Марио ми зборуваше како ја пронашол библиската вистина за седмиот ден – сабота и како одлучил да се придружи на адвентистичката црква. Ја отвораше својата Библија и ми изнесуваше стихови кои зборуваа дека вистинскиот Господов ден е, всушност, саботата а не неделата. Во Библијата видов докази дека саботата е седми, а неделата прв ден од седмицата.

Почнав искрено да се молам на Бога. Го прашував дали треба да продолжам да ја почитувам неделата како прв ден на седмицата или според новите сознанија саботата како седми ден од седмицата.

„Господе“ се молев, „Дали стариот или новиот начин е според твојата волја?“

Се молев три дена непрекратно, а потоа третата ноќ сонував еден сон. Пред мене имаше два пата – стариот и новиот. Некој застана пред мене и ми рече: „Подобро да го оставиш стариот и да тргнеш по новиот пат.“

Утрото се разбудив и размислував за сонот. Делуваше толку вистинито.

Тој ден Марио повторно дојде во мојот дом и ме повика заедно да одиме и да му помогнеме на Ангел, кој беше мој пријател во работата во неговата градина.

Додека работевме во градината, Марио ни сведочеше на двајцата изнесувајќи стихови од Библијата.

Марио секогаш зборуваше за Библијата кога им помагаше на мештаните во нивните работи.

## Во врска со искуството

- Замолете еден млад човек да ја раскаже оваа приказна како негово искуство.

  Прочитајте ја приказната на Марио од претходната седмица, за тоа како го запознал Адолфо и како неговото сведочење поттикнало уште еден човек да поверува во библиската вистина.

- Преземете слики од Фејсбук: (bit.ly/fb-mq).

- Преземете ги мисионските информациии и брзи факти од Јужната азископацифичка дивизија на bit.ly/ssd-2022.

- Мисионската приказна ги изнесува ставовите на христијанската адвентистичка црква. Целта број 5 зборува за личните и јавните мисионски иницијативи со цел вклучување на сите верници за да може духовно да растат како инивидуално така и во рамките на семејството. Изградбата на блокот на спални соби во адвентистичката школа во источен Тимор ќе помогне да се исполни целта број 4 а тоа е јакнење на адвентистичките институции кои се борат за заштита на слободата, здравјето на целокупното човечко тело и јакнење на надежта преку исусовото дејствување и обновување на Божјиот лик во луѓето. Повеќе информации за стратешкиот план на христијанската адвентистичка црква дознајте на IWillGo2020.org.

## Брзи факти

- Околу 60 % од жителите на Источен Тимор живее во рурални области. Повеќето се занимаваат со земјоделство одгледувајќи касава, кокос, пченка, ориз и сладок компир (батато).

  Повеќето луѓе има папуанско, малајско или полинезиско потекло. Скоро сите жители се од римокатоличка вероисповед со мало протестантско или исламско малцинство. Во Источен Тимор се зборуваат 40 различни јазици и дијалекти. Двата официјални јазици кои се користат во државата се тетум јазикот, кој го користат повеќето жители, и португалскиот, на кој зборува помал процент од населението. Англискиот и индонезискиот се во деловна употреба.

Сите со уживање ги слушавме неговите излагања.

Неговите зборови го допреа моето срце на еден посебен начин и јас побарав од него да ја проучува Библијата заедно со мене.

По моето крштевање, неколку месеци подоцна ѝ зборував на сопругата за сè што дознав од Библијата. Таа се крсти со уште неколку жители од селото.

Од моментот кога се придруживме на адвентистичката црква животот не беше воопшто едноставен. Неколку години подоцна, мојот шура, кој беше водач во нашата бивша црква бараше да се откажеме од нашата вера. Дури луто викаше на мојата сопруга во мое присуство.

„Само твојот сопруг може да ја менува својата вера", рече дополнувајќи: „Ти не смееш да го следиш."

Мојата сопруга изјави дека планира да тргне по новиот пат.

„Јас сум мажена и имам свое семејство," му одговори. „Мојот сопруг е глава на семејството и ако тој тргне по некој пат, јас ќе го следам. Ќе одам со него до крајот на светот."

Додека се соочувавме со тежок притисок од страна на нашите роднини, Бог беше многу добар кон нас.

Јас и мојата сопруга се молевме за нашите роднини, така што мајка ми и двајцата браќа се придружија на адвентистичката црква.

Како работник во обезбедување јас немам многу пари да го поддржувам ширењето на евангелието, но имам енергија да сведочам и да ја ширам библиската вистина на другите луѓе.

Доведувањето души кај Исуса е моја одговорност и обврска, бидејќи секоја душа е драгоцена во неговите очи. На секоја личност што ја запознавам ѝ зборувам дека Исус ја љуби и сака да ја спаси.

Ве молам да се молите за адвентистите во селото Кодо. Молете се Бог да им помогне да можат да сведочат со своите животи и постапки во селото и надвор од него.

Молете се за единствената црквена школа во Источен Тимор, во оддалечениот главен град Дили. Таму децата од цела држава ќе можат да го стекнуваат своето образование.

Со помош на даровите на 13-та сабота од ова тримесечје ќе изградиме блок од спални соби во училиштето, кои ќе им овозможат на децата од далечните места да стекнат адвентистичко образование.





# Библијата е само за свештениците

Ангел Переира, 43

Моето срце копнееше за проучување на Библијата, меѓутоа црковниот водач ми рече дека Библијата може да ја чита и толкува само свештеникот.

Дозволете ми да изнесам што се случуваше.

Пораснав во христијанско семејство и секогаш бев активен во својата црква во местото Кодо во Источен Тимор.

Кога имав 23 години почнав да помагам на водачите на младинската група во мојата црква. На 27 години се придружив на мисионската иницијатива да одам надвор од моето село и да им сведочам на луѓето за Исус. Црковните водачи го видоа мојот ентузијазам и кога наполнив 31 година, ме повикаа да водам една црковна конгрегација во моето село. Дванаесет години ја водев црквата и секоја недела проповедав од книгата на која беа базирани нашите учења.

Тогаш еден адвентистички библиски работник по име Марио дојде во моето село. Ми пристапи додека работев на нивата и волонтираше за да ми помогне. Додека работевме еден покрај друг, почна да ми ги изнесува вистините од Библијата за кои никогаш порано немав слушнато. Копнеев да дознаам нешто повеќе.

Ми се укажа прилика на големиот собор на црковните водачи. Кога ни беше дадена можност да се обратиме, предложив секој од нас да ја проучува Библијата и да ја користи за проповедање во црквата.

„Господине“, рече свештеникот кој претседаваше, „не можеме да ве поучуваме за Библијата бидејќи неа можат да ја проучуваат само свештениците. Би можеле да ви понудиме кратко поучување за нашите доктрини и на тој начин да ги поучувате луѓето во вашата црква.

Кога заврши состанокот во моето срце немаше мир.

Се прашував зошто не можам сам да ја проучувам Библијата.

Во молитва барав од Бога да ми открие кој е вистинскиот Бог за кој ќе може да проповедам во мојата црква.

Откако се вратив дома, моето срце и натаму беше вознемирено. Го повикав адвентистичкиот библиски работник и го прашав дали може да ме поучува на вистините од Библијата. Му реков: „Подготвен сум со вас да ја проучувам Библијата во текот на целата година."

Јас и Марио ја отворавме неговата Библија и ги проучивме 28-те основни верувања на Христијанската адвентистичка црква.

Кога завршивме неколку месеци подоцна, ми рече: „Сега ја знаете правата вистина. Ве молам, немојте повеќе да ја изнесувате лажната вистина во вашата црква, бидејќи ако ги поучувате луѓето со она што не е вистина нема да влезете во небесното царство."

Знаев дека Марио ја зборува вистината. Ги прочитав Исусовите зборови упатени до неговите ученици: „И така, кој ќе наруши една од овие најмали заповеди и така ги научи луѓето, ќе биде наречен најмал во царството небесно; а кој ги држи и поучува, ќе биде наречен голем во царството небесно" (Матеј 5,19).

Сакав да се наречам голем во царството небесно. Се чувствував виновен и тажен поради моето минато. Веднаш дадов оставка на местото водач на црквата, но не можев да ја напуштам црквата. Шест години се борев молејќи се: „Господе, кога ќе можам да се придружам на твојот народ?"

Еден ден, додека минував покрај куќата на мојот чичко, видов како разговара со Марио. Во моето срце се јави огромна желба да се крстам и да му го предадам својот живот на Исуса.

„Кога повторно ќе биде организирано крштевање, дали може и јас да се крстам?" го прашав Марио.

Тој веднаш го контактираше адвентистичкиот пастор и откако се договорија околу посебните мерки предизвикани од ковид пандемијата, јас бев крстен заедно со родителите на мојата сопруга во текот на 2020 година.

Многу сум среќен што можам да бидам дел од големото семејство на христијанската адвентистичка црква. Ве молам да се молите мојата сопруга и моите деца да посакаат да ја следат вистината.

Вашите дарувања на 13-та сабота пред 6 години помогнаа да се отвори првата и единствена адвентистичка школа во Источен Тимор.

Ова тримсечје вашите дарувања ќе бидат употребени за изградба на еден блок спални соби во училиштето, така што децата од далечните села ќе може да стекнат образование во училиштето.

Ви благодарам што планирате великодушно да издвоите од вашите средства.

## Во врска со искуството

- Замолете еден млад човек да ја раскаже оваа приказна како негово искуство.

  Може да ја прочитате приказната за уште еден човек кој се обратил преку службата на Марио.

- Преземете слики од Фејсбук: (bit.ly/fb-mq).
- Преземете ги мисионските информациии и брзи факти од Јужната азископацифичка дивизија на bit.ly/ssd-2022.
- Мисоинската сторија ги изнесува ставовите на Христијанската адвентистичка црква. Целта број 5 зборува за личните и јавните мисионски иницијативи со цел тотално вклучување на сите верници за да може духовно да растат како инивидуално така и во рамките на семејството. Изградбата на блокот спални соби во адвентистичката школа во Источен Тимор ќе помогне да се исполни целта број 4, а тоа е јакнење на адвентистичките институции кои се борат за заштита на слободата, здравјето на целокупното човеково тело и јакнење на надежта преку Исусовото дејствување и обновување на Божјиот лик во луѓето. Повеќе информации за стратешкиот план на христијанската адвентистичка црква дознајте на IWillGo2020.org.

## Брзи факти

- Холандските и португалските трговци биле првите европјани кои дошле во Тимор околу 1500 година. Двете држави се претркувале околу превласта над оваа област сѐ до 1906 година, кога било одлучено овој остров да се подели. Западната половина ѝ припаднала на Холандија, а источната на Португалија. Иако Јапонците во текот на втората светска војна ја окупирале оваа држава, по војната таа станала португалска колонија. Во 1974 година Португалија се повлекла од Источен Тимор кратко време откако војниците ја напуштиле Индонезија. Од тогаш оваа држава се соочува со постојани немири, сѐ до 1999 година кога австралиската мировна мисија стигнала на островот. Источен Тимор во 2002 година станала независна држава и од тогаш самата ја гради својата инфраструктура.





# Ангели меѓу нас

Лусио и Јелри Диас



Лусио и неговата сопруга Јелри не очекувале дека ќе бидат каменувани затоа што го објавувале Исусовото скоро доаѓање на една изолирана група во Источен Тимор. Исто така, не очекувале дека ќе видат и ангели.

Пионерите на светската мисија на Христијанската адвентистичка црква биле распоредени по планините за да допрат до луѓето кои зборувале на фаталук јазикот. Тоа е еден од 30-те јазици кои се употребува меѓу 1,3 милиони луѓе во оваа држава.

Оваа брачна двојка имала една предност бидејќи фаталук јазикот бил мајчин јазик на мајката на Лусио.

Не знаејќи од каде да тргнат, тие започнале дневни молитвени прошетки во четири села во оваа област. По некое време, откако ќе завршеле училишните обврски одлучиле да им понудат на децата на мештаните помош во учењето на математика и англиски јазик.

Овие нивни часови станувале сè попопуларни, почнувајќи од дванаесет деца во првата седмица на нивната работа, па сè до 57 деца откако поминале неколку недели.

Секое попладне, часовите започнувале со поука од Библијата и со молитва. По два месеца, децата почнале да им зборуваат на своите пријатели дека Исус наскоро ќе дојде и ги запрашале дали еден ден сакаат да бидат на небото. Неколку деца одлучиле да дојдат во адвентистичката црква. Лусио и Јелри биле исполнети со надеж.

Меѓутоа, работите брзо се промениле. Во третиот месец, децата што не оделе на часови, почнале да им пречат на другите со испитувања и закани. Набргу само 4-6 деца доаѓале на попладневните часови.

Луѓето што им ја давале куќата под наем, побарале Лусио и Јелри да ја напуштат.

Брачната двојка се преселила во помала куќа во која повеќе немало простор за одржување часови на децата.

Подоцна Лусио организирал серија евангелски состаноци во едно од четирите села, по кои неколку мештани одлучиле да се крстат. На крајот на серијата предавања, скоро сите мештани доаѓале. Лусио и Јелри се чувствувале исполнето.

Меѓутоа, додека бил на изворот на вода каде што ги полнел своите три дозволени канистри седмично, една жена го запрела и му рекла. „Немој да ги делиш твоите хартии и да се обидуваш да го обратиш мојот народ.“

„Што мислите со тоа?“ ја запрашав.

„Знам какви се вашите мотиви,“ рече. „Не си играјте со мене. Се обидувате да го убедите мојот народ да оди во вашата црква нудејќи му пари.

Тоа беше лажно обвинување. Никакви пари никому не му беа понудени.

Одеднаш неговата соговорничка му удри шлаканица. Нејзиниот возрасен син што живееше во близина, се придружи и го удри Лусио. Потоа мајката и синот зедоа камења од патот и почнаа да ги фрлаат на пионерот на светската мисија. Ниеден камен не го погоди во глава. Откако мноштво луѓе се собраа привлечени од викотниците, некој му се заканил на Лусио дека ќе го убие и потрчал дома да земе пушка. Мештаните, кои беа пријателски настроени кон Лусио, го заштитуваа со своите тела додека забрзано заминуваше од селото.

Два месеца подоцна, еден од водачите на адвентистичката црква дошол во едно од четирите села да одржи серија евангелски предавања. Народот секојдневно се собирал на предавањата, а Лусио и Јелри повторно се чувствуваа исполнето.

Меѓутоа, една вечер неколку луѓе почнаа да фрлаат камења на шаторот во кој се одржуваа предавањата. Еден камен ја погоди медицинската сестра што волонтираше во глава и целото лице ѝ беше раскрвавено. Поради тоа, предавањето вечерта мораше да биде прекинато.

Камења беа фрлани и врз луѓето што излегуваа од изнајмениот камион, кој служеше како црква. Мештаните беа преплашени. Одеднаш седум високи луѓе во сјајна облека се појавија и застанаа меѓу камионот и насилниците.

Овие странци ги виделе тројца зачудени луѓе, набљудувајќи ги како по некое време заминуваат од местото и исчезнуваат на планинскиот пат. По овој настан, никој повеќе не фрли камења на мисионерите.

Откако се прошири веста за седумте луѓе во сјајна облека, мештаните не се сомневаа дека Бог ги пратил своите ангели за да го зашти-

ти својот народ.

„Господов ангел се настанува околу оние што се бојат од Него, и ги избавува“ (Псалм 34,7).

Следната сабота 13 млади луѓе му го предадоа својот живот на Исуса и биле крстени. Меѓу нив беа и двете момчиња кои со свои очи ги виделе ангелите.

И покрај големите предизвици, Лусио и Јелри се исполнети со надеж. Тие знаат дека Бог ги води работите.

Вашите дарувања на 13-та сабота пред шест години помогнаа да се отвори првата и единствена адвентистичка школа во Источен Тимор.

Ова тримесечје вашите дарувања ќе бидат употребени за изградба на еден блок спални соби во училиштето, со цел децата од далечните места да стекнат образование во училиштето. Ви благодариме што планирате великодушно да ги приложите вашите средства.

## Во врска со искуството

- На сликата се трите момчиња што ги виделе ангелите, како и Рејмонд Хаус претседателот на Христијанската адвентистичка црква во Источен Тимор.
- Преземете слики од Фејсбук: (bit.ly/fb-mq).

Пионерите на светската мисија се верници кои работат во делото најмалку една година, со цел да основаат црква во областа во која нема адвентистички верници во рамките на сопствената култура. Тие имаат предност бидејќи ја познаваат културата и јазикот и на тој начин можат полесно да се движат меѓу луѓето.

- Преземете ги мисионските информациии и брзи факти од Јужната азископацифичка дивизија на bit.ly/ssd-2022.
- Мисионската приказна ги изнесува ставовите на христијанската адвентистичка црква. Проектот “Јас ќе појдам”, зборува за целите на духовниот раст. Целта број 2 зборува за јакнењето и диверзификацијата на мисионските активности во големите градови меѓу нехристијанските религии. Изградбата на блокот на спални соби во адвентистичката школа во Источен Тимор ќе помогне да се исполни целта број 4 а тоа е јакнење на адвентистичките институции кои се борат за заштита на слободата, здравјето на целокупното човечко тело и јакнење на надежта преку исусовото дејствување и обновување на Божјиот лик во луѓето. Повеќе информации за стратешкиот план на христијанската адвентистичка црква дознајте на IWillGo2020.org.

## Мисионски информации

- Индустрискиот сектор во Источен Тимор произведува облека и флаширана вода. Во крајбрежниот дел на оваа држава постојат испитани резерви на нафта и природен гас.



# Ќотекот ја зајакнува верата

Источен Тимор | 5 февруари 2022

Елизита да Силва/ 37

Еден ден мојата помлада сестра возбудено ме повика преку телефон. Сестро, ми рече, ја проучувам Библијата и лекциите се одлични. Дојди и ќе можеме заедно со мисионерите да ја проучуваме Библијата.

Слушајќи го ентузијазмот во гласот на сестра ми, мојата љубопитност беше поттикната. Се сретнав со неа, а тука беше и брачната двојка библиски работници, Јулијана и Луис.

„Ве молам, поучувајте ме за Библијата“, ги замолив.

Студирав на универзтетот во Дили, главниот град на Источен Тимор. Мојата сестра, Ермелинда, беше ученичка во средното училиште во истиот град. И двете потекнувавме од едно мало село.

Ја проучував Библијата са брачна двојка скоро секој ден. Библиските лекции ме фасцинираа. Дознав за големата Божја љубов кон нас луѓето. Разбрав дека можам да го прославувам Бога и со сопственото тело, вклучувајќи ја и чистата храна. Научив дека начинот на кој ја покажуваме нашата љубов кон Бога е да ги држиме Неговите заповеди. Исус рекол: „Ако ме љубите пазете ги моите заповеди“ (Јован 14,15). Бев посебно привлечена со читањето на Десетте заповеди. Никогаш порано немав слушнато за четвртата заповед, која почнува со зборовите „Сеќавај се на денот од одморот да го празнуваш“ (2. Мојсеева 20,8).

Кога сфатив дека Бог никогаш не го променил празнувањето на својот свет ден сабота во недела, ја прашав брачната двојка дали може да го прославувам Бога во сабота.

„Сакам да ја празнувам саботата, но каде да одам во црква?“ запрашав.

„Имаме црква во Дили“, одговори Луис. „Таму можеш да одиш секоја сабота“, дополни Јулијана.

Јас и Емелинда заедно отидовме во црква. По долго посетување на црквата, одлучивме да

се крстиме и да се придружиме на верниците на адвентистичката црква.

Нашите постари браќа беа многу лути кога дознаа дека ја напуштив нашата семејна црква. Ми се закануваа и ме тепаа. „Повеќе не може да студираш во овој град“, ми рече едниот. „Ќе те одведеме назад во село“, се надоврза другиот.

Браќата на сила ме тераа да ги напуштам студиите и да се вратам со нив во село. Ме натераа да јадам свинско месо и да одам со нив во црква во недела. Се чувствував многу тажно. Морав да се зак- лучувам во купатилото за да ја проучувам Библијата и да се молам. Но, заканите и ќотекот само ја зголемуваа и јакнеа мојата вера.

Одлучив да го сакам Бога со цело срце и да ги почитувам неговите заповеди. Заканите и ќотекот траеја уште еден месец.

За среќа, мојата помлада сестра можеше да остане во градот. Таа ме повика да ми каже дека адвентистичката црква организира двомесечна програма за обука на библиски работници.

Сакав да станам библиски работник повеќе од сè друго на светот. Сакав да бидам како Јулијана и Луис, кои ме запознаа со учењата на Библијата. Сакав на другите да им ги пренесувам моите сознанија за Бога. Еден ден побегнав од дома без да им се јавам на другите.

По два месеца обука, станав библиски работник. Го сакав тоа што го работев и потполно се предадов на обврските. Секојдневно се молев за моето семејство, а особено за моите браќа.

Поминаа две години и потоа се омажив за Реиналдо, верник на адвентистичката црква. Никој од моето семејство не беше присутен на венчавањето.

Му благодарам на Бога што моето семејство почна повторно да комуницира со мене. Му благодарам и за трите деца што ми ги даде, а кои го стекнуваат своето образование во единствената адвентистичка школа во Источен Тимор.

Ве молам да се молите за моите браќа и останатите членови на моето семејство. Молете се школата да може да ги поучува многубројните деца за Исуса и Неговата реч.

Вашите дарувања на 13-та сабота пред шест години помогнаа да се отвори првата и единствена адвентистичка школа во Источен

Тимор.

Ова тримесечје вашите дарувања ќе бидат употребени за изградба на еден блок спални соби во училиштето. Целта е децата од далечните места, како Елизита, да можат непречено да го стекнуваат своето образование во училиштето.

Ви благодариме што планирате великодушно да ги приложите вашите средства.

## Во врска со искуството

- Замолете еден млад човек да ја раскаже оваа приказна како негово искуство.

  На сликата може да ја видите Елизита со сопругот Реиналдо.
- Преземете слики од Фејсбук: (bit.ly/fb-mq).
- Преземете ги мисионските информациии и брзи факти од Јужната азископацифичка дивизија на bit.ly/ssd-2022.
- Мисионската приказна ги изнесува ставовите на христијанската адвентистичка црква. Целта број 5 зборува за личните и јавните мисионски иницијативи со цел вклучување на сите верници за да може духовно да растат како инивидуално така и во рамките на семејството. Изградбата на блокот на спални соби во адвентистичката школа во источен Тимор ќе помогне да се исполни целта број 4 а тоа е јакнење на адвентистичките институции кои се борат за заштита на слободата, здравјето на целокупното човечко тело и јакнење на надежта преку Исусовото дејствување и обновување на Божјиот лик во луѓето. Повеќе информации за стратешкиот план на христијанската адвентистичка црква дознајте на IWillGo2020.org.

## Мисионски информации

- Источен Тимор станал независна држава во 2002 година. Поради војната која се водела, инфраструктурата во државата била прилично уништена, но во меѓувреме работите почнале да се движат на подобро.

  Источен Тимор е главно планинска земја. Во планинските области расте сандаловото дрво, а во пониските предели кокосовите палми и еукалиптусот. Меѓу дивите животни што ја населуваат оваа држава може да се најдат мачки цибетки, крокодили, срни, мајмуни, змии и торбари наречени кускус.

  Официјалниот назив на државата е Демократска република Источен Тимор. Главен град е Дили.



# Тестот на Тина

Источен Тимор | 12 февруари 2022

Тина Алвеш. 39

Тина секогаш имала доволно пари за неа, нејзиниот сопруг и четирите деца во Источен Тимор. Тина работела како сметководител, а нејзиниот сопруг бил автомеханичар. Успевале некако да се снајдат и да го поминат месецот, сè додека не го пратиле нивниот син во интернатската школа во блиската Индонезија, бидејќи не постоело адвентистичко средно училиште во Источен Тимор.

Училишните трошоци биле многу големи, а Тина и нејзиниот сопруг доцнеле со плаќањата бидејќи требало да се покријат семејните погреби кои се случиле по една подолга семејна криза.

Тина била во очај. Конкурирала за работа на плантажа на јагоди во Австралија. Верниците на црквата ја потсетувале дека има едногодишно дете, но таа била решена да ја прифати сезонската работа во Австралија. Се надевала дека со заработката ќе може да ги плати сите долгови и да зачува одредена заштеда за себе.

Отишла да работи на фарма во Тасманија. Во текот на првата недела од нејзиниот престој, сопственикот на фармата објавил дека двојно ќе ги плаќа работниците што ќе работат во сабота. Нејзината цимерка, која исто така била од Источен Тимор, во сабота тргнала кон насадите со јагоди. Меѓутоа, Тина останала во својата соба.

Во текот на два месеци го прославувала Бога во својата соба. Но, една сабота одлучила да ја побара Христијанската адвентистичка црква во блискиот град Ланкестон. Не го познавала градот и брзо се изгубила. Сè изгледало поинаку од атмосферата во Источен Тимор. Тука немало никој на улиците. Дури ни деца.

Исплашена, таа се обидела да го пронајде патот за да се врати на фармата. По двочасовно пешачење, видела еден човек како го чисти својот двор.

„Добро утро, господине“, му рекла. „Ве молам, дали може да ми помогнете?“ Каде се наоѓа автобуската станица?“

„Од каде сте и каде одите?“ праша човекот.

„Јас сум од Источен Тимор и сакам да одам во адвентистичката црква“, рече таа.

„Ох, мојата сопруга е верничка на адвентистичката црква, меѓутоа не оди во црква. Но, јас познавам некои други верници на црквата.“

Човекот ја однел Тина до куќата на еден верник на црквата и од тогаш таа почнала да ја празнува саботата во црква.

Верниците на црквата топло ја пречекале подарувајќи ѝ храна, облека и кујнски работи. Нејзината цимерка и другите работници на плантажата завидувале ѝ биле лути на неа кога во недела навечер ќе се вратела со полни раце подароци.

„Од која причина си дојдена во Австралија?“, ја праша една работничка.

„Дојдов да заработам пари“, одговори Тина.

„Но, зошто не работиш во сабота? Знаеш дека во сабота се плаќа двојно“, рече една друга работничка.

„Ти само се забавуваш“, кажа трета.

Одеднаш Тина била лажно обвинета. „Имам шест дена седмично да заработам пари, а само еден ден му припаѓа на Бога. Знам дека Тој ќе обезбеди доволно, дури и да не примам двојна плата во сабота.

Работниците од фармата барале од надзорникот да ја натера да работи во сабота. Разговарајќи со него, Тина рекла дека при интервјуто за добивање работа го известила сопственикот дека како адвентистичка христијанка не може да работи во сабота. Сопственикот ѝ одговорил дека Австралија е слободна земја во која луѓето можат да го празнуваат денот што ќе го изберат. Тина му рекла на надзорникот: „Извинете, но без оглед на последиците јас нема да работам во сабота. Ако тоа не ви одговара, може да ме пратите назад во источен Тимор.“

Сешак ѝ било дозволено во сабота да биде слободна.

Како минувало времето, четири од пет работници покажувале интерес за религијата на Тина, така што секоја сабота оделе со неа во црква.

На крајот од периодот од шест месеци, Тина си поставила прашање дали донела правилна одлука со тоа што дошла во Австралија. Парите што ги заработила биле едвај доволни да ги покрие школските трошоци. Меѓутоа, кога дошло време да се врати во Источен Тимор, таа имала повеќе пари од нејзините колешки кои работеле во сабота. Што се случило?

Во последната сабота верниците ја изненадиле со дарови што ги собрале специјално за неа, предавајќи ѝ голем број коверти со пари. Отворајќи ги ковертите, видела дека тука има повеќе пари од двојните дневници што би ги

заработила работејќи во сабота.

Очите ѝ се наполниле со солзи додека клечела на молитва во купатилото. „Ти благодарам, Господе, на овој прекрасен благослов. Ова е прекрасно. Не можев ни да замислам дека ќе добијам толку благослови без работа. Меѓутоа, Бог однапред сè ми подготвил, како што Исус рекол во Лука 18,27: „Што им е невозможно на луѓето, тоа е можно на Бог."

Дел од даровите на 13-та сабота беа употребени за отворање на првата адвентистчка школа во источен Тимор. Децата на Тина учат во ова училиште.

Дел од даровите на 13-тата сабота пред шест години беа употребени за отворање на првата адвентистичка школа во Источен Тимор, во којашто учат децата на Тина.

Даровите на 13-тата сабота од ова тримесечје ќе бидат употребени за изградба на нови спални соби во училиштето.

Ви благодарам што великодушно планирате да ги приложите вашите средства.

## Во врска со искуството

- Замолете една женска личност да го изнесе ова искуство во прво лице.

  На сликата може да ја видите Елизитина со сопругот Реиналдо.
- Преземете слики од Фејсбук: (bit.ly/fb-mq).

  Пионерите на светската мисија се верници кои работат во делото најмалку една година, со цел да основаат црква во областа во која нема адвентистички верници во рамките на сопствената култура. Тие имаат предност бидејќи ја познаваат културата и јазикот и на тој начин можат полесно да се движат меѓу луѓето.
- Преземете ги мисионските информациии и брзи факти од Јужната азископацифичка дивизија на bit.ly/ssd-2022.
- Мисионската приказна ги изнесува ставовите на христијанската адвентистичка црква. Целта број 5 зборува за личните и јавните мисионски иницијативи со цел вклучување на сите верници за да може духовно да растат како инивидуално така и во рамките на семејството. Изградбата на блокот на спални соби во адвентистичката школа во источен Тимор ќе помогне да се исполни целта број 4 а тоа е јакнење на адвентистичките институции кои се борат за заштита на слободата, здравјето на целокупното човечко тело и јакнење на надежта преку Исусовото дејствување и обновување на Божјиот лик во луѓето. Повеќе информации за стратешкиот план на христијанската адвентистичка црква дознајте на IWillGo2020.org.



# Чудесниот автобус

Источен Тимор | 19 февруари 2022

Зелиндо Жоао Лај/ 42

Зелиндо е 42 годишен сопственик на локал во источен Тимор кој се молел на Бога за непушачки автобус на овој остров во Индискиот океан.

„Господе, престанав да пијам, да пушам и да јадам нездрава храна. Не продавам цигари, алокохол, кафе и чај. Меѓутоа, луѓето и понатаму пушат и пијат. Те молам да ми помогнеш, сакам да купам автобус во кој нема да се пуши, така што луѓето ќе може да патуваат без чадот од цигарите.“

Зелиндо контактирал со својата сестра во индонезискиот град, Сураби, за да се распраша за цената на еден ваков автобус. Таа му одговорила со порака на телефонот, дека автобусите чинат околу 35.000 долари, но таа успеала да најде еден на попуст за 31.500 долари.

Зелиндо возбудено го повикал својот брат Фенандо кажувајќи му за автобусот. Фернандо понудил да учествува со 10.000 долари.

Зелиндо морал да плати депозит од 15.000 долари, така што ги префрлил парите од својата заштеда. Три месеци подоцна пратил уште 6.500 долари.

Тој планирал да ги употреби парите од брат му и да го плати остатокот. Автобусот стигнал со брод во Дили, главниот град на Источен Тимор.

Во недела наутро, Зелиндо примил телефонски повик во кој му било речено дека автобусот пристигнал во пристаништето и дека може да го подигне наредниот ден. Со себе требал да ги понесе останатите 10.000 долари. Не бил загрижен, бидејќи брат му му ветил дека ќе му помогне со 10.000 долари.

Таа вечер Зелиндо и неговата сопруга го пресметале при-

ходот од својата работа во локалот од претходната седмица. Обично тој се движел од 10.000-13.000 долари но сега пресметале приход од 28.000 долари.

Се погледнале двајцата со зачуденост. „Што се случи?“ прашал Зелиндо.

Наутро заминал кај брат му да ги земе ветените пари. Меѓутоа, Фернандо му рекол. „Мислев да те побарам, но заборавив. Моментално не можам да ти ги дадам оние 10.000 долари што ти ги ветив.“

Зелиндо само се насмевнал, сфаќајќи дека Бог навреме го благословил и му помогнал. Имал доволно средства од својата продавница за да го исплати автобусот.

Автобусот бил наречен „Спасение“ и станал многу познат ширум островот, а особено бил популарен меѓу трудниците и мајките со деца. Не само што било забрането пушењето во него, туку адвентистичката музика можела постојано да се слуша додека патувал меѓу градовите. Големата слика на страните на автобусот ја прикажува тројната ангелска вест од Откровение 14 глава од која може да се прочита дека Исус наскоро доаѓа.

„Луѓето го сакаат овој автобус“, изјавил Зелиндо, „Бидејќи во него не е дозволено пушењето.“

Дури и полицијата го поддржала ваквиот начин на работење. Еден ден, верник на црквата од вториот по големина град во Источен Тимор го повикал Зелиндо и му рекол дека полицијата дошла на главната автобуска станица и им рекла на останатите возачи: „Мора и вие да бидете како автобусот ‘Спасение’. Тие не дозволуваат пушење во автобусот. Вие треба да го следите нивниот пример.

Луѓето барале од Зелиндо да ги прошири своите автобуски услуги и на другите окрузи. Тој им одговара дека се моли на Бога да може да купи уште еден автобус.

Преку влијанието на Зелиндо пет луѓе се подготвуваат да се крстат.

„Господ ја благословува мојата работа. Му благодарам што ми даде можност преку автобусот да ги водам луѓето кон Бога.“

Дел од даровите на 13-та сабота пред шест години беа употребени за отворање на првата адвентистичка школа во Источен Тимор.

Дел од даровите од ова тримесечје ќе бидат употребени за изградба на еден блок спални во школото.

Само 700 адвентисти се наоѓаат во оваа островска држава од 1,3 милион луѓе.

Училиштето и автобусот на Зелиндо имаат важна улога во ширењето на радосната вест за Исуса Христа.

## Во врска со искуството

- Преземете слики од Фејсбук: (bit.ly/fb-mq).
- Преземете ги мисионските информациии и брзи факти од Јужната азископацифичка дивизија на bit.ly/ssd-2022.
- Оваа мисионска приказна ги илустрира ставовите на христијанската адвентистичка црква. Проектот "Јас ќе одам" зборува за целите на духовниот раст. Целта број 1 зборува за концептот на мисијата ширум светот, за жртвувањето на времето и срествата во таа мисија која ги вклучува не само пасторите, туку и постарите и помладите верници на црквата во радосното сведочење за Исуса Христа, правејќи ги луѓето Негови ученици. Оваа цел зборува за зголемување на бројот на верници на црквата кои учествуваат во јавните мисионски активности во личниот духовен живот со цел приклучување на сите верници во духовниот раст. Целта број 2 зборува за јакнењето и диверзификацијата на мисионските активности во големите градови помеѓу нехристијанските религии. . Целта број 5 зборува за личните и јавните мисионски иницијативи со цел вклучување на сите верници за да може духовно да растат како инивидуално така и во рамките на семејството. Изградбата на блокот на спални соби во адвентистичката школа во источен Тимор ќе помогне да се исполни целта број 4 а тоа е јакнење на адвентистичките институции кои се борат за заштита на слободата, здравјето на целокупното човечко тело и јакнење на надежта преку Исусовото дејствување и обновување на Божјиот лик во луѓето. Повеќе информации за стратешкиот план на христијанската адвентистичка црква дознајте на IWillGo2020.org.

## Мисионски информации

- Источен Тимор го покрива источниот дел од островот Тимор, кој меѓу народот се нарекува Екусе, но и два помали острови Атауро и Жако. Западниот дел од островот е дел од Индонезија. Вкупната површина на Источен Тимор е 14.874 км2.



# Прогонета поради верата

Лаос | 14 февруари 2022

Кина, 14

Кина трчала кон куќата на адвентистичкиот пастор во селото. Стигнувајќи до неговата куќа забрзано почнала да тропа на вратата. 14-годишната девојка успеала да ги одврзе јажињата со кои нејзините родители често пати ја врзувале и избегала од дома.

Родителите ја тепале заедно со постариот брат, кој ја удрил по лицето и ја шутнал по телото.

Кој бил нејзиниот грев?

Животот на оваа девојка бил целосно променет бидејќи одлучила да се крсти во името на Исуса Христа, придружувајќи се на адвентистичакта црква.

Нејзините родители, некогаш полни со љубов кон неа, сега се свртеле против неа и почнале да ја тепаат обидувајќи се на сила да ја натераат да се врати на нивната традиционална религија.

Кина црвсто се држела, одбивајќи да се откаже од својата вера.

Нејзината смиреност и храброст кога се соочувала со страдањата била восхитувачка. Нејзините нови адвентистички пријатели не и нуделе никакви привилегии. Тие биле мала група верници, повеќето жени составени од сиромашни земјоделци, градинари и работници кои се обидувале да се изборат со тешкиот живот.

Можеби Кина била допрена од нивната љубов и грижа. Можеби Исус преку Светиот Дух ја благословил оваа девојка давајќи ѝ мир и надеж непоколебливо да стои наспроти притисоците и прогонствата на своите домашни.

Била подготвена сè да ризикува само да го придобие присуството на Исуса Христа во својот живот.

Но, колку долго можела оваа девојка да издржи? Колку долго ќе може да го издржи ќотекот и малтретирањето од своите

најблиски? Каде може да побара помош и засолниште?

Кина немала каде да оди, а била премногу исплашена да се врати дома. Не можела да оди кај другите роднини бидејќи и тие сметале дека треба да се откаже од својата вера во Исуса и да се врати на анимизмот. Не можела да им се обрати на властите, бидејќи селскиот старешина ѝ бил роднина и сметал дека како женско дете таа мора да им биде послушна на родителите.

Да се биде послушен на родителите е многу добра и разумна работа. Тоа е нешто сосема природно во Лаос, бидејќи и Библијата зборува за тоа. „1 Вие, деца, бидете им послушни на родителите свои, во името на Господ, зашто тоа е праведно" (Ефесјаните 6,1).

Меѓутоа, до која мера детето треба да биде послушно на родителите?

Целото тело ѝ било прекриено со модринки и во таква состојба таа бегала кон домот на пасторот. Меѓутоа, таму не можела долго да остане. Пасторот веднаш организирал да ја прати кај своите роднини во кои имал доверба, пред да дојдат нејзините родителите и да ја побараат.

Пет дена подоцна, Кина и понатаму се криела од своите родители. Никако не можела да се врати во својот дом. Се плашела бидејќи домашните неколку пати силно ја натепале.

Последниот пат нејзиниот татко со пиштол пукал над нејзината глава.

Иако трпела физичка болка, закани и удари, тоа не влијаело на нејзината свест.

Молете се за неа. Молете се да добие сила од Бога да истрае во оваа тешка ситуација. Молете се ангелите Господови да ја чуваат и да ја заштитат од потешки повреди. Молете се за нејзините родители и членови на семејството, нивните срца да омекнат, да ја согледаат светлината на евангелието или барем да ѝ дозволат на својата ќерка да ја следи својата совест. Молете се и за верниците на црквата да можат да осмислат начин како да ѝ помогнат на оваа девојка. Можеби да добие пасош и да стекне образование во некоја адвентистичка интернатска школа надвор од државата. Молете се за мудрост, верниците на црквата да може да се справат со вакви ситуации.

Дел од даровите на ова тримесечје ќе бидат употребени за изградба на школа во Лаос, во која девојките како Кина ќе можат да стекнат образование. Ви благодарам што со вашите мисионски

дарови ќе го помогнете ширењето на евангелието насекаде во светот.

## Во врска со искуството

- Името Кина е псевдоним
- Преземете слики од Фејсбук: (bit.ly/fb-mq).
- Преземете ги мисионските информациии и брзи факти од Јужната азископацифичка дивизија на bit.ly/ssd-2022.
- Мисионската приказна ги изнесува ставовите на христијанската адвентистичка црква. Проектот "Јас ќе појдам", зборува за целите на духовниот раст. Целта број 2 зборува за јакнењето и диверзификацијата на мисионските активности во големите градови меѓу нехристијанските религии. Изградбата на блокот на спални соби во адвентистичката школа во Источен Тимор ќе помогне да се исполни целта број 4 а тоа е јакнење на адвентистичките институции кои се борат за заштита на слободата, здравјето на целокупното човечко тело и јакнење на надежта преку Исусовото дејствување и обновување на Божјиот лик во луѓето. Повеќе информации за стратешкиот план на христијанската адвентистичка црква дознајте на IWillGo2020.org.

## Мисионски информации

- Територијата на Лаос се наоѓа во југоисточната азиска мисија при Јужната азископацифичка дивизија. Првата адвентистичка мисионерска станица е основана во 1957 година од страна на Ричард Хол и неговото семејство во местото Нам та, во една од северозападните провинции. По некое време Наи Мун Лансри и неговата сопруга Абел Пангман во 1961 година се придружиле на адвентистичката црква која имала 44 членови. Тие претежно потекнувале од Маео народната група. Во 1962 година мисионскиот персонал е повлечен од Лаос поради воената состојба. Кратко време откако мисионерите го напуштиле Лаос, воените сили влегле во Нам Та, а мисионската зграда била целосно уништена.

  Адвентистичката црква во Лаос има 1908 верници, кои се собираат во две цркви и три групи. На популација од 7.242.000 жители тоа претставува однос од 1 адвентист на секои 3.796 луѓе.



# Вдовицата од Удомскај

Лаос | 5 март 2022

Садуа Ли, 33

Садуа не сакал да се пресели на северот на Лаос. Пасторот имал многу оправдувања кога црквените лидери му понудиле да го шири евангелието во Удомскај, која била една од провинциите во Лаос во која немало адвентистичко присуство. Меѓутоа, на крајот заедно со сопругата го прифатил повикот и во текот на зимата се преселил во една изнајмена куќа.

Тоа не била типична зима. Температурата во локалното поднебје за прв пат во запишаната историја на оваа земја паднала под нулата. Животните почнале да умираат, а растенијата да замрзнуваат.

Изнајмената куќа била празна, без кревети, фрижидер или прекривки. Само покрив под кој ѕидовите и подот биле единствена заштита од зимата. Сочувствителните соседи донеле прекривки.

Меѓутоа, зимата била најмалата грижа за Садуа. Не било едноставно да се започне работа во област во која луѓето биле против евангелието. По прв пат тој и неговата сопруга го прославувале Бога сами без присуство на браќата и сестрите. Се чувствувале осамено, а осаменоста се претворила во фрустрација. Тие не знаеле на кој начин да го шират евангелието. Кратко време по нивното доаѓање, локалните власти покренале истрага за нивното доаѓање. Фрустрацијата се претворила во страв.

Садуа повикал еден од црквените водачи да му помогне и да го посоветува. Тој не знаел што да им каже освен да ги поттикне заедно со сопругата да молат Бог да им даде мудрост како да постапат.

„Започни молитвена прошетка и барај од Господа да ти покаже што треба да работиш", му рекол црковниот водач.

Пасторот Ли токму тоа и го правел. Шетал по селото и се молел. Клекнал на едно брдо над селото и се молел за мудрост од Бога.

Набрзо почнал да ги посетува мештаните во текот на саботните попладнења. Во текот на тие посети дознал за една жена која била опседната со демонски дух. Отишол да ја посети. Во својата куќа жената била врзана со синџири.

Мајката на пет деца била врзана за столб во куќата, била целосно гола со ментална попреченост. Живеела како куче. Садуа дознал дека опседнатоста настанала кратко време по смртта на нејзиниот сопруг.

Ги прашал селските страрешини дали ќе му дозволат да се моли за оваа жена. Немале ништо против. Се обидувале да ја излечат на разни начини, но ништо не помагало. Садуа ја ставил раката на нејзината глава и се молел. Наредниот ден повторно

## Во врска со искуството

- Пасторот Садуа Ли е сликан додека се моли за селото. Умрел во 2019 година од канцер, но неговото дело продолжува да жнее плодови во Лаос.
- Преземете слики од Фејсбук: (bit.ly/fb-mq).
- Преземете ги мисионските информациии и брзи факти од Јужната азископацифичка дивизија на bit.ly/ssd-2022.
- Оваа мисионска приказна ги илустрира ставовите на христијанската адвентистичка црква. Проектот "Јас ќе одам" зборува за целите на духовниот раст. Целта број 2 зборува за јакнењето и диверзификацијата на мисионските активности во големите градови помеѓу нехристијанските религии.

## Мисионски информации

- Адвентистичкото мисионско дејствување во Лаос почнало во 1968 година кога А.Г. Бајтон, филипински мисионер, со семејството бил повикан да служи во оваа земја. Меѓутоа во 1975 година среде граѓанската војна во која победиле комунистите, адвентистичкото дејствување во Лаос било запрено сѐ до 1984 година кога границата со Тајланд била повтроно отворена. Двете цркви биле цело време отворени, иако скоро 10 години биле одвоени од организираното адвентистичко влијание.

## Брзи факти

- Знамето на Лаос е хоризонтално со пруги. Црвената боја ја означува крвта на жителите на Лаос кои се бореле за слобода и независност, додека сината боја го претставува просперитетот и реката Меконг. Белиот круг во средината претставува омаж на јапонското знаме, бидејќи Јапонија го поддржувало движењето на отпорот во Лаос во текот на Втората светска војна.

дошол. И така цела седмица. Жената почнала нормално да јаде и да пие и по малку да разговара со домашните.

Еден ден му го предала своето срце на Исуса и демоните ја напуштиле.

Конечно, селскиот старешина ги одврзал синџирите и дозволил да се облече. Меѓутоа, членовите на нејзиното семејство билле исплашени дека демоните ќе се вратат. Вдовицата заедно со петте деца привремено се доселиле во домот на Садуа, додека нејзините блиски не ѝ дозволат да се врати назад.

По проучувањето на Библијата со Садуа, вдовицата и нејзините две најстари деца, тинејџери, во целост го прифатиле Господа и биле крстени. Ова семејство било меѓу првите адвентисти во оваа област.

Вестите за тоа што Исус го направил за оваа вдовица од Удомскај брзо се рашириле. Многу од мештаните почнале да доаѓаат кај Садуа за помош и исцелување. Голем број од нив ја прифатиле пораката на евангелието и Исуса како свој личен Спасител.

Денес вдовицата од Удомскај заработува пари така што им помага на своите соседи да садат ориз. На тој начин го прехранува своето семејство. Таа не поседува земја на која би можела нешто да одгледува, нема постојано вработување, а петте деца треба да се нахранат.

Ве молиме да се молите за оваа вдовица и нејзините деца. Молете се за драгоцените луѓе во Лаос.

Дел од даровите на 13-та сабота ќе бидат употребени за изградба на школа во Лаос. Ви благодариме што со вашите дарови го помагате ширењето на евангелието ширум светот.



# Простување на мајката, 1 дел

Тајланд | 12 март 2022

Чермејн Ку, 38

Кога му го предадов својот живот на Исуса, Светиот Дух ме потсети на гревот со кој се борев низ годините. Тој посебен грев кршеше една од Десетте Божји заповеди: „ Почитувај ги таткото свој и мајката своја, (за да ти биде добро и) за да поживееш подолго на земјата, што ти ја дава Господ, твојот Бог“ (2. Мојсеева 20,12).

Сфатив дека грешам кога се помолив со Давидовата молитва: „Испитај ме, Боже, и познај го срцето мое; испитај ме и запознај ги патеките мои; и види дали сум на пат на беззаконија, и упати ме на вечен пат“ (Псалм 139,23.24).

Неволјите почнаа кога почнав да се гледам со еден човек нехристијанин во мојата татковина Малезија. На мајка ми не ѝ се допадна моето момче и таа не го криеше тоа. Понекогаш го игнорираше, а понекогаш го поздравуваше со студено здраво. Личеше дека ги превртува очите во секоја пригода кога ќе го видеше. Оваа голема тензија продолжи осум години, колку што се забавував со него.

Јас сум исто така многу тврдоглава личност. Никогаш не го зедов предвид мислењето на мајка ми. Уживав во тоа да се вовлекувам во тешки ситуации. Стигнав до ситуација ретко да доаѓам дома, освен на преноќување, бидејќи не сакав времето да го поминувам со неа.

Почнав да се молам на Бога да ми прости. Го молев да ми помогне да ја почитувам петтата заповед. Меѓутоа, секојдневно ја кршев и во наредните две години. Се молев наутро, а истиот момент кога излегував од спалната соба и почнував разговор со мојата мајка, се исполнував со бес. Нас две никако не можевме да се согласиме. Постојано ме нервираше. Се молев уште поу-

порно, но почнав да го мразам и звукот на чукањето на вратата кога ми велеше дека храната е подготвена.

Бев ќерка која не го почитува својот родител. Изгледаше дека нема надеж за мене. Престанав да разговарам со мајка ми во текот на неколку месеци. Кога се обидуваше да стапи во разговор со мене, целосно ја игнорирав. Не знаев како воопшто да рзговарам со неа. Очигледно беше дека не можев да ѝ простам.

Се молев уште поупорно.

Бог ми одговори преку Библијата. Едно утро ги читав Исусовите зборови: „Бидејќи ако им ги простите на луѓето гревовите нивни и вам ќе ви ги прости вашиот Отец небесен. Ако, пак, не им ги простите гревовите на луѓето и вашиот Отец нема да ви ги прости вашите“ (Матеј 6,14.15) Тогаш го прочитав цитатот во книгата „Патот кон Христа“.

Борбата со самиот себе е најголемата битка што некогаш се водела. Попустливоста кон себеси мора да престане. Целосното предавање на Божјата волја бара силна борба, но душата мора да се потчини на Бога пред да биде обновена во светост (страна 43).

Сфатив дека негувам опасен грев. Морав да научам да ѝ простувам на мајка ми, но немав сила тоа да го направам, бидејќи не сакав да се понизам, да ја прифатам и да ѝ простам.

Бог продолжи да работи на моето срце помагајќи ми повторно да почнам да разговарам со мајка ми. Слана на Бога! Тоа беше почеток. Меѓутоа, знаев дека ме чека долг пат. Иако разговаравме, сепак во нашите односи недостасуваа љубов и трпение.

Во својата човечка мудрост можев да наведам многу причини поради кои грубо се однесував кон неа. Многу пати мислев дека треба да биде поучена, бидејќи нашиот скршен однос не беше во целост само моја грешка.

Се молев Светиот Дух да ме промени, но не беше можно да ја промени мајка ми. Се сеќавам, на еден цитат од непознат автор „Понекогаш Бог не сака да ја промени вашата ситуација бидејќи најпрвин сака да го промени вашето срце“. Цело време бев убедена дека Бог сака да ме промени, но како?

Денес, Чермејн работи како воспитувачка во градинка при меѓународната адвентистичка мисионска школа во Корат на Тајланд. Пред да дојде во школото, конечно била подготвена да воспостави мир со својата мајка. Нешто повеќе за тоа ќе дознаете следната седмица.

Ви благодарам што вашите дарови на 13-та сабота пред три години беа употребени за изградба на оваа школа.

Адвентистичката мисионска меѓународна школа треба да се прошири во средно училиште, со тоа што ќе бидат изградени училници и други градби на една нова парцела.

## Во врска со искуството

- Замолете една женска личност да го изнесе ова скуство во прво лице.
- Преземете слики од Фејсбук: (bit.ly/fb-mq).
- Преземете ги мисионските информациии и брзи факти од Јужната азископацифичка дивизија на bit.ly/ssd-2022.
- Оваа мисионска приказна ги илустрира ставовите на христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст. Целта број 2 зборува за јакнењето и диверзификацијата на мисионските активности во големите градови помеѓу нехристијанските религии ширум прозорот 10/40. Повеќе информации за стратешкиот план на христијанската адвентистичка црква дознајте на IWillGo2020.org.

## Мисионски информации

- Првиот адвентист кој бил на Тајланд е Р. А. Колдвел, кој бил во Бангког неколку седмици во 1906/07 година. Повеќе од 10 години подоцна, колпортерите од сингапурската мисионска школа, која дејствувала во Бангкок со кинески книги, изјавиле дека е пронајдена група која ја празнува саботата. Тоа довело до воспоставување постојана мисија во 1919 година. Е.Л.Лонгвеј и Прат и Тан Тиам Цуа, кој ги прифатил црковните учења во Кина, се доселиле во Бангкок.

Првиот тајландски обратеник бил човекот кого Форест А. Прат го крстил во 1925 година. Тој подоцна станал помошник на бизнис менаџерот во санаториумот во болницата во Бангкок.



# Простување на мајката, 2 дел

Тајланд | 19 март 2022

Чермејн Ку, 38

*Минатата седмица: Откако Чермејн му го предала својот живот на Христа во Малезија, сфатила дека требало да ја почитува својата мајка како што е наведено во 5-тата заповед. Но како?*

Истрајно се молев сите овие години за овој грев, а понекогаш дури и му поставував прашања на Бога.

„Ох, Господе, како ќе ме промениш? Те молам, стори нешто!“

Двата мои помали браќа се вратија дома во Малезија поради големото семејно собирање во текот на 2018 година. Мојата сестра и нејзиниот сопруг допатуваа од САД, додека мојот помал брат дојде од Тајланд. Ова беше ретка можност целото семејство да се собере, бидејќи живеевме распрснати по светот.

Мојот брат Лутер, 11 години помлад од мене, го забележа мојот конфликт со мајка ми. На денот на своето враќање на Тајланд, остави едно писмо за мене во мојата книга со утрински стихови. Јас го пронајдов писмото наредното утро. Во него Лутер пишуваше:

„Со тешко срце ти го пишувам ова писмо. Му благодарам на Бога што научи многу библиски вистини, кои доведе до позитивни промени во твојот живот. Вистинска радост претставува можноста да ја гледаш својата сестра како оди по патот на службата. Особено сум горд на тоа кога размислувам за тебе. Слава и фала на Бога за тоа!

По молитвите и размислувањата за мојата грешна и несовршена состојба, успеав да соберам сила од срце да ти се обратам во врска со дејствувањето и односот кон нашата мајка.

Сфаќам дека нашата мајка не е совршена. Понекогаш знае да биде и неразумна и тоа ни оди на нерви. Но, сепак тоа е мајка која нашиот совршен Бог ни ја подарил да ја сакаме, да се однесуваме кон неа со почитување и да ѝ бидеме послушни. Знам дека таа има своја природа, но нејзините намери се секогаш грижливо да се однесува кон своите деца и да ги заштитува.

Можеби нема да имаме можност во потполност да ги разбереме нејзините постапки. Се плашам дека не сфаќаш дека имаш импулси-

вен став кон неа, кој понекогаш може да биде неразумен и покажува плодови на нетрпеливост, его и гордост. Исто така се плашам дека тоа може да биде потенцијална пречка за луѓето кои се околу тебе, кога ќе видат на кој начин се однесуваш и разговараш со својата мајка. Уште еднаш сакам да нагласам дека ти пишувам со тешко срце и со намера да ја посоветувам сестрата која многу ја сакам и се грижам за неа. Можеби ова не беше толку добро напишано, но верувам и се молам дека Светиот Дух лично ќе проговори на твоето срце и ќе ти подари дух на помирување. Биди добро. Многу те сакам и се молам за тебе, твојот помлад брат.“

Откако го прочитав писмото, плачев повеќе од еден час, молејќи го Бога да ми прости, а во исто време му благодарев што проговори преку мојот брат. Иако мојата грешна природа и понатаму сака да се кара со мајка ми, од тој ден никогаш повеќе не го повишив мојот глас на неа. Бог одговори на моите молитви! Како што ветил: „И ќе им дадам едно срце, ќе вложам во нив нов дух, ќе го земам од телото нивно каменото срце и ќе им дадам месната срце“ (Езекиел 11,19).

Мојот нарушен однос со мајка ми беше исцелен со силата на Светиот Дух. Му благодарам на Бога што го поправи нашиот однос пред да заминам од домот. Шест дена по примањето на писмото од братот, одлетав во Западна Малезија да присуствувам на еден црковен библиски семинар. Тогаш мајка ми ме однесе до аеродромот и јас

## Во врска со искуството

- Замолете една женска личност да го изнесе ова скуство во прво лице.

  Во приказната за наредната седмица ќе дознаеме како Чермејн му го предала своето срце на Исуса.

- Преземете слики од Фејсбук: (bit.ly/fb-mq).
- Преземете ги мисионските информациии и брзи факти од Јужната азископацифичка дивизија на bit.ly/ssd-2022.
- Преку дејсвувањето на Светиот Дух во животот на Чермејн оваа мисионска приказна ги илустрира целите на дејсвувањето на Светиот Дух. Оваа мисионска приказна ги илустрира ставовите на Христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам” зборува за целите на духовниот раст. Целта број 2 зборува за јакнењето и диверзификацијата на мисионските активности во големите градови меѓу нехристијанските религии ширум прозорецот 10/40. Повеќе информации за стратешкиот план на Христијанската адвентистичка црква дознајте на IWillGo2020.org.

силно ја прегрнав при збогувањето. Тоа беше прва прегратка по 10 години. Шест месеци подоцна се преселив на Тајланд и почнав да работам како воспитувачка во градинка при меѓународната адвентистичка мисионска школа во градот Корат.

Веројатно никој немаше да ме обвинува кога би заминала од дома без да го решам судирот со мајка ми. Меѓутоа, Бог не дозволи мојот долгогодишен грев да преовладее.

Тој во совршено време направи чудо во мојот живот, очистувајќи ме целосно од мојот грев пред да се преселам на Тајланд.

Ви благодарам што вашите дарови на 13-та сабота пред три години беа употребени за изградба на школа. Адвентистичката меѓународна мисионска школа се претвори во средно училиште со тоа што беа изградени училници и други градби на едно ново парче земја.

Ви благодарам што во своите молитви ќе ги имате школските деца и наставници во училиштето на Чермејн.

## Програма на 13-тата сабота
## 26 март 2022

| | |
|---|---|
| **Почетна песна** | |
| **Добредојде** | Водачот на саботната школа |
| **Молитва** | |
| **Програма** | Последна шанса за Бога |
| **Дар** | |
| **Завршна песна** | |
| **Завршна молитва** | |

*Забелешка: (Учесниците не мора да ги запаметат нивните делови, туку да бидат доволно запознаени со материјалот, за да не мора да читаат сè од скриптата. Вежбајте ја целокупната програма, за да можааат учесниците да се чувствуваат пријатно и, по потреба да го нагласат она што сметаат дека е важно.)*



# Последна прилика за Бога

Тајланд | 26 март 2022

Чермејн Ку, 38

*Во претходните две саботи можевме да прочитаме за тоа како Бог ѝ помогнал на Чермејн да научи како да ја почитува својата мајка. Денес ќе прочитаме како му го предала своето срце на Исуса.*

Го предизвикав Бога со една смела молитва.

„Драги Боже, ти давам последна прилика“, се молев. „Бев присутна на голем број црковни настани, но ништо не успеа да го промени мојот живот. Јас и понатаму продолжувам да грешам, па тогаш во што се состои поентата? Не е ли подобро да се остане долу во гревот, отколку повторно да се обидувам да се воздигнам кон тебе? Пред мене се две седмици одмор и јас сакам да не бидам дома. Значи, ќе одам на библиски курс. Господе, ова е твојата последна шанса. Ако не дејствува ова, ветувам дека засекогаш ќе ме изгубиш!“

Растев во адвентистичко семејство во Малезија, редовно одев во црква и учествував на богослужбените програми уште од моето рано детство. Меѓутоа, не наоѓав радост во духовните работи. Сакав осум години да се забавувам со нехристијанин. Бев задоволна со добро платената работа на професорка по музика во меѓународна школа. Меѓутоа, ми недостасуваше мир поради кој се молев и тргнав на библиски семинар во црквата.

Поминавме две недели проучувајќи ја светињата. Не знаев ништо за неа. Додека растев јас не ја читав библијата, а одењата во црква ми беа само обична рутина. Верниците во црквата ми зборуваа како да се однесувам како адвентистка, но јас никогаш немав личен однос со Бога.

На библискиот семинар ги читавме стиховите од Езекиел 37,4.5: „Па ми рече: Изречи пророштво за тие коски и кажи им: Коски суви, чујте го словото Господово! Така им вели Господ Бог на оние коски. Еве јас ќе внесам во вас дух и вие ќе оживеете. Ќе ви дадам жили ќе направам на вас да израсне месо, ќе ве покријам со кожа и ќе вдахнам во вас дух, па ќе оживеете и ќе познаете дека јас сум Господ.“

Визијата за сувите коски ме научи дека вистинското оживување е возможно само преку Божјата Реч,

со присуство на неговиот Свети Дух. Ми беше потребна лична, директна врска со Бога преку молитва и излевање на Светиот Дух.

Проучувајќи за светилиштето дознав за Божјата љубов и жртва. Дознав дека Бог поседува сила да ги прости моите гревови и дека Неговата најдлабока желба е засекогаш да живее со мене.

Божјата љубов во целост ме опфати и ја исполни целата празнина и скршеност во мојот живот. Му го предадов моето срце на Исуса и Тој почна смело да дејствува во мојот живот.

Нешто неочекувано се случи кога се вратив на работа. Во училиштето требаше да ги вклучам светските поими за дедо мраз, вилењаците, вилите и вештерките во моите музички предавања на децата. Еден ден изнесував една лекција барајќи од децата да ми кажат на што ги асоцираат звуците што ги изведував, а тоа беа: саатот на дедо кој отчукуваше, звук на крилјата на лилјакот, тропкањето на костурот во проклетиот замок.

На мое големо изненадување, двајцата најдобри ученици во класот, Етан и Лукас не сакаа да учествуваат. Ги покрија своите уши додека јас ги изведував звуците, а потоа одбија да учествуваат во пеењето на песни за проклетиот замок.

На крајот на часот ги прашав што се случува со нив. Зошто не учествуваа во програмата како и останатите деца?

Етан се сврте кон мене и ми рече: „Јас сум христијанин и не можам ова да го слушам." А потоа заплака. Лукас се сврте кон мене и кимна со главата, поддржувајќи го она што го кажа неговиот другар.

Ова беше еден од најголемите прекори што сум ги добила во мојот христијански живот. Бог моќно ми се обрати преку овие две момчиња. Си помислив, од кои причини треба да ги поучувам децата за сатански работи?

За време на наредниот школски двонеделен распуст се вратив на библискиот кур на кој проучувавме за Даниел и неговите тројца пријатели кои одлучиле да му останат верни на Бога и кога биле соочени со царот навуходоносор. Се сетив како Етан и Лукас одлучија во своите срца да му останат верни на Бога кога стоеја пред мене.

Бев убедена дека Бог сака да ја напуштам работата, но не можев сама тоа да го направам. Ги споделив моите недоумици со водачот на библискиот семинар. „Имате многу силно искуство, но проблемот е во тоа што не постои дејствување."

Некаде во исто време, Бог ми се обрати преку утринското богослужение. Ја читав книгата на Елена Вајт: „Кога повиците на Светиот Дуг ќе дојдат во срцето, нашата единствена сигурност лежи во одгова-

рање без одлагање. Кога ќе дојде повикот ‘Одете на работа во моето лозје’, не го одбивајте. ‘Денес ако го слушнете неговиот глас немојте да бидете со дрвени срца’ (Евреите 4,7). Не е мудро да се одложува послушноста. Можеби никогаш повеќе нема да го слушнете тој повик“ (*Христовите параболи, стр. 280 ориг.*).

Со целосното предавање на Бога, ја предадов и мојата оставка.

Следните пет месеци одев на црковните библиски курсеви, но во мене се водеше борба меѓу мојата и Божјата волја.

Мојата работа во школото беше добро платена, така што не можев себеси да се замислам без пари. Мојата желба да бидам самостојна преовладеа. Пронајдов работа која дури беше и повеќе платена од претходната. Меѓутоа, понекогаш морав да работам во сабота.

Кога побарав совет од пасторот, кој ги водеше курсевите, тој одречно ми рече: „Штотуку ја напушти претходната работа и сега сакаш повторно истото да го правиш?“

Колку и да е силна големата борба, Бог е најсилен и никогаш не ми дозволи да се соочам со искушението да не можам да ги совладам работите со негова помош.

## Во врска со искуството

- Замолете една женска личност да го изнесе ова скуство во прво лице.
- Преземете слики од Фејсбук: (bit.ly/fb-mq).
- Преземете ги мисионските информациии и брзи факти од Јужната азископацифичка дивизија на bit.ly/ssd-2022.
- Преку дејсвувањето на Светиот Дух во животот на Чермејн оваа мисионска приказна ги илустрира целите на дејсвувањето на Светиот Дух. Оваа мисионска приказна ги илустрира ставовите на христијанската адвентистичка црква. Проектот “Јас ќе одам” зборува за целите на духовниот раст. Целта број 2 зборува за јакнењето и диверзификацијата на мисионските активности во големите градови помеѓу нехристијанските религии ширум прозорот 10/40. Повеќе информации за стратешкиот план на христијанската адвентистичка црква дознајте на IWillGo2020.org.

## Брзи факти

- Тајланд значи земја на слободни луѓе. Бил познат под името Сијам сè до 1939 година. Тајланд е единствената југоисточноазиска држава која никогаш не била колонизирана од некоја европска сила. Во 1932 година, револуцијата довела до конституирање монархија во која кралот е глава на државата. Премиерот се избира од членовите на преставничкиот дом на конгресот, кој го избира самиот крал.

Во потполно неочекуван момент, Бог ненадејно ми отвори една врата. Ми беше понудена работа да предавам во градинката при адвентистичката меѓународна мисионска школа во Корат на Тајланд.

Бев комплетно изненадена со овој тајминг. Тогаш се сетив на Христовите зборови: „Моите мисли не се ваши мисли, ниту вашите патишта се Мои патишта, вели Господ. Но, како што е небото повисоко од земјата, така се и Моите патишта повисоки од вашите патишта, и мислите Мои повисоко од вашите мисли“ (Исаија 55,8.9).

Бог е добар. Тој одговори на моите молитви да продолжам да предавам музика. По две години работа во градинката, станав директорка на музичкиот отсек на оваа мисионска школа. Никогаш во животот не сум искусила толкав мир и исполнетост со радост. Бог го придоби моето срце и сега мојата единствена желба е да ги доведувам изгубените души кај убавината на неговата љубов.

Ви благодарам што со даровите на 13-та сабота помогнавте да се изгради школата на Чермејн во Корат на Тајланд. Денеска со даровите на 13-та сабота ќе го потпомогнеме ширењето на евангелието ширум Јужната азископацифичка дивизија.

Ви благодариме на великодушните дарови на 13-та сабота.

(Даровите се даваат со позадинска музика)

# Идни проекти на 13-тата сабота

- Проектите кои ќе бидат во центарот следното тримесечје доаѓаат од јужноафриканската индискоокеанска дивизија при Генералната конференција на христијанската адвентистичка црква.
- Изградба на основно училиште и црква во Белизе и Ангола.
- Изградба на блок на спални соби за машки во адвентистичкиот универзитет Хуамбо во Ангола.
- Основање на центар и советувалиште за борба против семејно насилство во Ломба, Ангола.
- Изградба на основно училиште во Луанда, Ангола.
- Изградба на центар за развој и мисионство на кампусот Мзузу при адвентистичкиот универзитет во Малави.
- Изградба на центар за подобар живот и ФМ радио станица на островот Мајот.

# ИЗВОРИ

Не заборавајте да го преземете вашето бесплатно видео Mission Spotlight, кое содржи извештаи од Јужната Азископацифичка дивизија и пошироко. Преземете или проследете ја веб-страницата на Адвентистичката мисија на bit.ly/missionspotlight.

## Онлајн информации

Следниве се извори на информации можат да бидат корисни при подготовката за вестите во саботната школа. За повеќе информации за културите и историјата на земјите претставени во овој квартал, посетете ги:

| | |
|---|---|
| **Websites** | |
| Laos: government website | bit.ly/GovtLaos |
| Trip Advisor | bit.ly/LaosTripAdv |
| Lonely Planet | bit.ly/36iPEUP |
| Thailand: government website | bit.ly/GovtThai |
| Amazing Thailand | bit.ly/ThaiTourism |
| Indie Traveller | bit.ly/ThaiIndie |
| Timor-Leste: government website | bit.ly/GovtTimor |
| Wikitravel | bit.ly/TLWikiTravel |
| Lonely Planet | bit.ly/TLLonelyPlanet |
| **Адвентистичка црква** | |
| Јужна Азископацифичка дивизија | bit.ly/SDA-SSD |
| Јужна мисија на Азиската унија | bit.ly/SDA-SAUM |
| Областа Лаос | bit.ly/SDA-LaosMiss |
| Тајландска мисија | bit.ly/SDA-ThaiMiss |
| AIIAS | bit.ly/SDA-AIIAS |
| Азископацифички интернационален универзитет | bit.ly/SDA-APIU |

Ќе помогне вниманието да се фокусира на светската мисија и да се зголеми седмичното мисионско дарување. Сосредоточете го своето внимание на светската мисија и зголемете ги седмичните мисионски дарувања. Побарајте од вашиот Одбор на саботната школа да ја постави целта за вашите мисионски дарувања. (Поставете повисока цел од онаа што била за минатото тримесечје, поделете ја сумата на 14 делови – (12 редовни тримесечни делови и два дела за тринаесеттата сабота). Покажете го неделниот графикон на напредок кон поставената тримесечна цел. Потсетете ги верниците исто така дека активностите на светската црква зависат од седмичните мисионски дарови на саботната школа. Дванаесеттата сабота поднесете извештај за мисионскиот дар собран во текот на тримесечјето и потсетете ги членовите на саботната школа да ги приготват своите дарови на тринаесеттата сабота за наредната седмица.

Оваа информација за собраните средства мнозина ќе охрабрат да продолжат да ги приложуваат своите мисионски дарувања.

АДВЕНТИСТИЧКА МИСИЈА

Градиво за саботна школа
1/2022

**Вести од светот**

Излегува тримесечно

Издава:
Управниот одбор на Христијанската адвентистичка црква во Р. Македонија

Превод и техничка подготовка:
Мелита Томовска

Одговара:
Томе Трајков

Адреса:
Влае бр. 42
1000 Скопје

www.adventisti.mk

ЗА ИНТЕРНА УПОТРЕБА




# ЈУЖНА АЗИСКОПАЦИФИЧКА ДИВИЗИЈА

| УНИИ | ЦРКВИ | ГРУПИ | ЧЛЕНОВИ | ЖИТЕЛИ |
|---|---|---|---|---|
| **Бангладеш** | 127 | 286 | 34,899 | 169,809,000 |
| | | 592 | | |
| Централни Филипини | 1,324 | | 195,181 | 23,446,635 |
| Источна Индонезија | 961 | 190 | 127,969 | 25,640,832 |
| Мјанмар | 242 | 93 | 34,730 | 54,704,000 |
| | | 458 | | |
| Северни Филипини | 1,524 | | 425,922 | 60,779,385 |
| Пакистан | 126 | 71 | 14,776 | 220,940,000 |
| | | 1,153 | | |
| Јужни Филипини | 2,246 | | 659,708 | 25,354,980 |
| Југоисточна Азија | 391 | 441 | 98,263 | 224,501,000 |
| Западна Индонезија | 880 | 305 | 92,788 | 246,098,168 |
| Додадени полиња | 36 | 23 | 4,011 | 21,938,318 |
| ВКУПНО | 7,857 | 3,612 | 1,688,247 | 1,074,529,000 |

## ПРОЕКТИ

1. Здравствен центар во северен Пакистан.
2. Основни училишта во Луанг Намти во Лаос.
3. Детски образовен центар во Лонг Тану во Виетнам.
4. SБлок спални соби во адвентистичката меѓународна школа во Дили во Источен Тимор.